„Во САД ја цениме улогата на проверка и балансирање што ја имаат медиумите со истражувањата, известувањата и поставувањето прашања поврзани со управувањето на државата. Навистина, **силните медиуми се наоѓаат во срцето на нашата демократија**“, рече **Микаела Швајцер- Блум, вршител на должност амбасадор на САД**, за време на денешното **одбележување на завршувањето на проектот на УСАИД „Топ тема на ваша страна“**.




Пред присутните се обрати и главниот уредник на Телма Телевизија, **Атанас Кировски**, кој говореше за стремежот **програмата да понуди нов квалитет и друга димензија во медиумскиот простор**. Како најпрепознатливи сегменти од програмата ги посочи

**истражувањата на јавното мнение**
со кои се демонстрираа трендовите кај електоратот, а потоа и
**двонасочната комуникација со публиката, таунхол дебатите и жешкото столче**
. Тој ја истакна
**синергијата со граѓанскиот сектор како важна предиспозиција за дебата базирана на факти.**

Покрај тоа, на настанот беа **доделени и наградите од четвртиот, последен конкурс за граѓански новинари, кој се однесуваше на темите култура, туризам, спорт и инфраструктура.** На последниот конкурс пристигнаа 57 пријави, а вкупно досега конкурирале 151 пријави.




**Во категоријата фотографија или видео**, првата награда ја доби **Влатко Делов** за делото „Време во кое базените немаат иднина“, второто место припадна на групата

граѓански новинари-
**Гоце Ангелески, Гоце Трајкоски и Јосиф Трајкоски**
за делото „Моменталните услови за младите да го искористат својот спортски потенцијал и изгубената спортска традиција", а третата награда ја доби
**Љупчо Илиевски**
за делото „Алтернативен туризам". Во оваа категорија пофалници добија
**Арбнора Мехмети**
за фотографија на тема туризам и
**Константин Карев**
за репортажа на тема инфраструктура.

Во категоријата за истражувачки стории првата награда и припадна на **Јелена Панчевска** за сторијата „Што знае женско за спорт?", втората награда ја доби
**Весна Кираџиева**
за „Атлетска Федерација на Македонија со диктаторско раководство" и третата награда ја доби
**Симона Џуковска**
за делото „(Не)организација на тетовските гробишта". Пофалници добија
**Елена Ѓорѓиевска**
за „Новите спортски трендови – опасни за спортистите" и
**Јасмина Осифесо**
за „Туристички водичи – да се преброиме!".


EXPO ZONE
ТЕЛМА